*АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ*

# *И З В Е Ш Т А Ј*

## *ЗА РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ*
## *ЗА 2013 ГОДИНА*

*СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА*

# *С О Д Р Ж И Н А*


*И З В Е Ш Т А Ј* ........ 1

ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ ........ 3

ОБЕМ НА РАБОТА ........ 3

КРИВИЧЕН ОДДЕЛ ........ 4

Кривични предмети и кривични предмети-малолетници ........ 4

Прекршочни предмети ........ 5

Квалитет на работење во Кривичниот оддел ........ 5

ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ ........ 5

Граѓански предмети ........ 5

Трговски спорови ........ 6

Работни спорови ........ 6

Квалитет на работење во Граѓанскиот оддел ........ 6

РАЗНИ ПРЕДМЕТИ ........ 7

СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ ........ 7

ИЗВЕШТАЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 8

НОСИТЕЛИ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА ........ 8

СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ ........ 8

АДМИНИСТРАТИВЕН ПЕРСОНАЛ ВО СУДОТ ........ 9

ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА ........ 10

И ЗАВЗЕМЕНИ ПРАВНИ СТАВОВИ ........ 10

КРИВИЧЕН ОДДЕЛ ........ 10

ПРЕКРШОЧЕН ОДДЕЛ ........ 14

ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ ........ 15

ТРГОВСКИ ОДДЕЛ ........ 21

ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ ........ 23

ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ........ 25

ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ........ 27

ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДА НА СУДОТ ........ 29

ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ ........ 31

ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊА НА БУЏЕТ НА СУДОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ........ 33

ИЗВЕШТАЈ ЗА БИЛТЕН НА СУДСКА ПРАКСА ........ 35

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ*

## ОБЕМ НА РАБОТА

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2013 година имал обем на работа од вкупно 22.586 предмети, која бројка ја сочинуваат 3926 предмети пренесени како незавршени од претходниот извештаен период и 18.660 новопримени предмети.

Споредбената и структурната анализа на содржината на вкупниот број предмети во работа во извештајната година во однос на претходниот временски период, упатува на намален обем на работа како последица на намалениот прилив нови предмети на општо ниво кој пак во целост е совладан со засилените напори на целокупниот персонален состав на судот.

Имено, обемот на работа во однос на претходната година, кога изнесувал 23.948 предмети е намален за 1.362 предмети.

Истовремено приливот на нови предмети во извештајната година од 18.660 предмети претставува намалување за 954 предмети во однос на претходната година.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 18.957 предмети т.е. 1.054 предмети помалку во однос на минатата година, што е во непосреден каузален однос со непополнетиот број судиски места утврдени за Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната година, наспроти обемот на работа, како и состојбата со стручните судски службеници и судските референти – дактилографи.

Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на годината заклучно со 31.12.2013 година останале 3.629 незавршени предмети, што претставува намалување на заостатокот незавршени предмети за 297 предмети во однос на претходната година.

Во Кривичниот оддел од вкупно завршени 2.082 предмети полнолетни лица, постапката до еден месец траела во 868 предмет, до два месеци постапката траела во 706 предмети, до три месеци во 320 предмети, постапката во 172 предмети траела од три до шест месеци и кај 16 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупен број 85 кривични предмети од организираниот криминал, кои се завршени во текот на годината, постапката во 32 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 19 предмети, до три месеци во 14 предмети, постапката во 16 предмет траела до шест месеци и кај 4 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупен број 14 кривични предмети-малолетни лица, кои се завршени во текот на годината, постапката во 13 предмети траела до еден месец, а во 1 предмети постапката траела до 3 месеци.

Од вкупно завршените 3.006 прекршочни предмети, постапката во 1.987 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 658 предмети, до три месеци

постапката траела во 221 предмети, до 6 месеци постапката траела во 81 предмет и во 59 предмети постапката траела над 6 месеци.

Во Граѓанскиот оддел од вкупно решени 6.229 „ГЖ“ предмети, постапката до еден месец траела во 1.071 предмет, до два месеци во 449 предмети, до три месеци во 646 предмети, до шест месеци во 2.245 предмети и над шест месеци во 1.818 предмети.

Од вкупно завршените 1.615 предмети „РОЖ“ од областа на работните спорови, постапката до еден месец траела во 267 предмети, до два месеци во 427 предмети, до три месеци во 351 предмет, до шест месеци во 542 предмети и над шест месеци кај 28 предмети.

Од вкупно завршените 2.610 предмети „ТСЖ“ по трговски спорови, постапката до еден месец траела во 395 предмети, до два месеци во 116 предмети, до три месеци во 254 предмети, до шест месеци во 1.205 предмети и над 6 месеци во 640 предмети.

## КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

### Кривични предмети и кривични предмети-малолетници

Во Кривичниот оддел во извештајната година вкупно во работа имало 2.257 кривични предмети (КЖ) од кои 143 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 2.114 предмети се новопримени, при што судот вкупно завршил 2.082 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 175 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 2.204 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 53 предмети, како последица на зголемениот прилив на нови предмети. Приливот е за 86 предмети поголем во однос на претходната година кога се примени 2.028 предмети. Бројот на решените кривични предмети во извештајната година е зголемен за 21 предмет во однос на претходната година кога се решени 2.061 предмет. Во однос на претходната година кога останале нерешени 143 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети е зголемен за 32 предмети, т.е останати се како нерешени 175 предмети кои се во работа.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организираниот криминал, при што во извештајниот период во работа имало вкупно 101 предмет, од кои 88 предмети примени во тековната година, а 13 пренесени како нерешени од претходниот период. Од вкупниот број предмети во работа завршени се 85 предмети, а како нерешени останале 16 предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Исто така, во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети против малолетни лица. Во извештајниот период вкупно во работа имало 15 предмети, сите примени во текот на годината. Од вкупниот број предмети во работа до крајот на извештајниот период завршени се 14 предмети, а 1 предмет како незавршен е пренесен во наредната година

**Прекршочни предмети**

Одделот за прекршочни предмети во текот на извештајната 2013 година во работа имал вкупно 3.060 предмети, од кои 279 предмети се пренесени од претходниот извештаен период и 2.781 новопримен предмет, при што судот решил 3006 предмети, а на крајот на годината 54 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена во наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот имал во работа 3.276 предмети, во извештајната 2013 година обемот на работа е намален за 216 предмети. Во однос на претходната година кога биле решени 2.997 предмети, во извештајната 2013 година се решени 9 предмети повеќе од претходната година, при што на крајот од годината сепак приливот во целост е совладан.

**Квалитет на работење во Кривичниот оддел**

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 197 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 3,30% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година (во апсолутни цифри е зголемен бројот на одлуките што биле предмет на вонреден правен лек во однос на претходната година за 11 предмети), од кои 148 одлуки се потврдени (75,13% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,48% од вкупно решените предмети), 22 одлуки се укинати (11,17% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,37% од вкупно решените предмети) и 2 одлуки се преиначени (1,02% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,03% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 24 одлуки е отфрлен (12,18% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,40% од вкупно решените предмети) и решени на друг начин е 1 одлука (0,51% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,02% од вкупно решените предмети).

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

**Граѓански предмети**

Во текот на 2013 година во Судот за работа имало вкупно 8.347 граѓански предмети, од кои 2.034 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 6.313 предмети се новопримени, при што Судот вкупно решил 6.229 предмети, а на крајот од годината нерешени останале 2.118 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 8.274 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 73 предмети. Приливот во извештајната година е зголемен за 56 предмети во однос на претходната година, кога се примени 6.257 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е намален за 6 предмети во однос на претходната година кога биле решени 6.235 предмети, така што за 84 број предмети не е совладан приливот на новопримените предмети, што довело исто

така и до зголемен заостаток од претходната година. Бројот на нерешени предмети на крајот на годината е зголемен за 84 предмети во однос на почетокот на годината.

**Трговски спорови**

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2013 година во работа имал вкупно 3.688 предмети од кои 960 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а 2.728 предмети се новопримени, при што Судот решил вкупно 2.610 предмети, а на крајот на годината останале 1.078 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал 4.096 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 408 предмети за разлика од претходната година. Приливот во извештајната година е намален за 379 предмети во однос на претходната година кога биле примени вкупно 3.107 предмети. Бројот на решени предмети по трговски спорови во извештајната година е намален за 522 предмети во однос на претходната година кога биле решени 3.132 предмети. На крајот од извештајната 2013 година останале 1.078 незавршени предмети.

**Работни спорови**

Одделот за работни спорови во текот на 2013 година во работа вкупно имал 1.778 предмет, од кои 475 предмети биле пренесени од претходниот извештаен период, а 1.303 предмети се новопримени, при што Судот решил вкупно 1.615 предмети, а на крајот на годината останале 163 предмети нерешени, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот имал во работа 2.992 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 1.214 предмети. Приливот во извештајната година е намален за 990 предмети во однос на претходната година кога биле примени 2.293 предмети, но сепак истиот во целост е совладан. Бројот на решени предмети во Одделот за работни спорови во извештајната година е намален за 900 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.515 предмети, што пак е последица и на намалениот севкупен обем на работа. Во однос на претходната година кога останале нерешени 475 предмети, во извештајната година бројот на нерешени предмети е намален за 314 предмети, односно годината е завршена со 163 нерешени предмети кои се пренесуваат во наредниот извештаен период, но сепак за обележување е што во одделот целосно е совладан приливот од нови предмети.

**Квалитет на работење во Граѓанскиот оддел**

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд, со соодветно намалување на учеството на преиначените судски одлуки.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 967 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 9,22% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година,

од кои 590 одлуки се потврдени (61,01% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 5,62% од вкупно решените предмети), 118 одлуки се укинати (12,20% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,12% од вкупно решените предмети) и 86 одлуки се преиначени (8,89% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,82% од вкупно решените предмети). Изјавениот вонреден правен лек кај 172 одлуки е отфрлен (17,79% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,64% од вкупно решените предмети) и решена на друг начин е 1 одлука (0,10% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,01% од вкупно решените предмети).

## РАЗНИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на извештајната 2013 година, Судот постапувал и по друг вид предмети по следната спецификација:

- 38 предмети од „Р” уписник-разни граѓански предмети, сите примени и завршени со истекот на извештајниот период;
- 712 предмети од „КСЖ” уписник-предмети по жалба против решение на основни судови, од кои 17 предмети се пренесени од претходната година, новопримени се 695 предмети, а од вкупната бројка во работа завршени се 692 предмети, така што останале незавршени 20 предмети на крајот на извештајниот период;
- 91 предмет од „КР” уписник-разни кривични предмети, од кои 5 предмети пренесени од претходната година и примени 86 предмети во извештајниот период, а решени се 90 предмети, така што останал незавршен 1 предмет на крајот на извештајниот период.
- во календарската година не е примен ниту еден предмет од „ППЖ“ уписник политички партии по жалба.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на извештајната 2013 година во судот вкупно во работа имало вкупно 3.203 од овој вид предмети или 2.219 ГЖ предмети, 785 ТСЖ предмети, 76 РОЖ предмети, 26 КЖ предмети, 7 КОКЖ предмети, 7 КСЖ предмети и 81 ПРКЖ предмети. Од вкупниот број предмети во текот на 2013 година завршени се 2.671 предмет, а останале незавршени 532 предмети.

# *ИЗВЕШТАЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ*

## НОСИТЕЛИ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА

Согласно со актот за систематизација и Одлуката за зголемување на бројот на судии во Апелациониот суд Скопје на Судскиот совет на Република Македонија од 05.07.2012 година, судиската функција во Апелациониот суд Скопје во текот на 2013 година утврдено е да ја вршат претседател и 52 судии, меѓутоа, во текот на извештајната година, Судот функционираше во нецелосен состав, со тоа што судиската функција ја извршуваше квантитативно променлив состав на судии, така што во текот на календарската година осум нови судии стапиле на судиска должност, од кои тројца на 02.01.2013 година, а четворица на 14.06.2013 година, еден судија на 15.08.2013 година и двајца судии се избрани на 02.12.2013 година кои на судиска должност стапуваат на 01.01.2014 година, тројца судии престанале со вршење на судиската должност поради исполнување на законските услови за пензионирање и тоа еден судија на 12.06.2013 година, еден на 10.09.2013 година и еден на 19.09.2013 година, а на четворица судии им мирува работниот однос во Апелациониот суд Скопје од кои на тројца поради извршување на функцијата член на Судскиот совет на Република Македонија, а еден судија поради избор за Претседстел на Управниот суд,така што во текот на извештајната година, судиската должност ја извршувале во просек претседател и 47 судии.

На крајот на извештајната година, со состојба на 31.12.2013 година, судиската должност фактички ја извршувале претседател и 49 судии, при што е почитуван принципот на правична и соодветна застапеност на националностите, на начин што 36 судии се од македонска националност, 9 од албанска националност, 1 судија од турска националност, 1 судија е од влашка националност, 1 судија е од црногорска националност и 1 судија друга националност.

## СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

Стручните судски службеници во текот на извештајната година имаат особен придонес во функционирањето на судот преку стручно и совесно извршување на работните задачи, примарно во врска со изработката на судските одлуки, како и помош на носителите на судиската функција во решавањето на судските предмети.

Интересот за оптимално функционирање на судот налага потреба од пополнување на бројот на стручните судски службеници согласно обемот на работата во судот, а со цел да се овозможи непречено функционирање на судот како организациска единка, но и судството во целина.

Потребата од зголемување на бројот на стручните судски службеници, како согласно обемот и начинот на работа на судот, така и со оглед на големата разлика со бројот на носители на судиска функција, кој со Одлука на Судскиот совет на РМ од 05.07.2012 година е зголемен и утврден на 53 судии вклучувајќи го и претседателот, доведе до модификација и на постојниот интерен акт за систематизација во Судот, согласно кој поголем број од предвидените работни места не се пополнети, а пред се кај раководните судски службеници, како и стручните судски службеници ( виш судски советник; судски советник и судски соработник).

По однос на раководните судски службеници, пополнето е само едно место, така што потребно е пополнување и на преостанатите 9 работни места - раководни судски службеници, а имајќи ја предвид обемноста на утврдените работни задачи за овој кадар. Согласно Правилникот на Судот овие лица меѓу другото како најбитен сегмент за ефикасно и непречено функционирање на судот, се грижат за организација и координација на работата на секој од одделите кои функционираат во рамките на судот, така што пополнувањето на овие работни места е од особено значење за ажурно и квалитетно правораздавање**.**

Согласно Систематизацијата на Апелациониот суд Скопје предвидени се вкупно 60 места за стручни судски службеници - (виш судски советник; судски советник; виш судски соработник, судски соработник и помлад судски соработник), меѓутоа во моментот се пополнети 32 места, а непополнети се 28 работни места, од кои работното место Виш судски советник, воопшто и не е пополнето, на местото судски советник пополнети се 5, а непополнети 7 работни места, од предвидените 15 на местото виш судски соработник пополнети се 13 работни места, со тоа што на местото судски соработник од предвидените 17 работни места, седум работни места не се пополнети и од предвидените 6 работни места помлад судски соработник не е пополнето едно работно место.

## АДМИНИСТРАТИВЕН ПЕРСОНАЛ ВО СУДОТ

Заклучно со 31.12.2013 година, во администрацијата, се вработени 55 лица.

Во текот на извештајната година непополнетоста на бројчаниот состав на административниот персонал предизвика значителни тешкотии во функционирањето на судот, поради што неминовно се наметнува потребата од пополнување на испразнетите работни места, особено во однос на референти (судски референти – дактилографи), каде од предвидените 37 работни места, пополнети се 20 работни места.

Во Управата на судската зграда со состојба на 31.12.2013 година се евидентирани 18 вработени лица.

Судот извештајната година ја започнал со 113 вработени, а заклучно со 31.12.2013 година останале вкупно 106 вработени. Согласно систематизацијата на Судот предвидени се 191 вработен, а непополнети со 31.12.2013 година се вкупно 85 работни места (вклучувајќи ги раководни судски службеници, стручните судски службеници, администрацијата и управата на судската зграда).

Одливот е по основ на исполнување услови за старосна пензија.

Посебно внимание, во текот на извештајната година, беше посветено на процесот на континуираната едукација на судискиот кадар, како и останатиот кадар (стручните судски службеници и администрацијата) преку можноста за присуство на значителен број советувања во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија и други организатори, која овозможува нивно стручно оспособување за ефикасно извршување како придонес во функционирањето на судот, но и за развој на нивната професионална кариера.

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА И ЗАВЗЕМЕНИ ПРАВНИ СТАВОВИ*

## КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во текот на извештајната година, Кривичниот оддел одржа повеќе седници на кои беа разгледани прашања во врска со примената на правото од областа на кривичната материја и по истите беа утврдени заеднички мислења, ставови и заклучоци, а воедно беа разгледани повеќе кривични предмети кои содржеа спорни правни прашања со цел за изедначување на судската практика.

На 25.03.2013 година одржан состанок на судиите од одделоткаде се разгледани правни прашања доставени од апелационите судови Битола, Штип и Гостивар за заедничка средба закажана за 28.03.2013 година.

Прашање поставени од Апелационен суд Штип – Дали одлуката на Центар за социјална работа за остварување на непосреден контакт на еден од родителите со детето може да биде објект на заштита на вториот облик (или спречува тоа да биде кај лице кое има право на тоа) на кривично дело Одземање малолетник од чл.198 ст.1 на КЗ

- По однос на прашањето судиите наведоа дека нема доволно податоци, па го задржуваат правото по излагањето на известителот на истото да дискутираат. Воедно, ставот на Апелациониот суд Штип дека нема кривично дело од член 198 став 1 од КЗ, бидејќи спречувањето на краткотраен контакт на родителот со детето не е дејствие на извршување на ова кривично дело, во овој момент не може да се прифати, бидејќи законот за кривичното дело не оперира со овој термин.

Прашања поставени од Апелационен суд Битола

Првото прашање гласи – Дали постои продолжено кривично дело- Овозможување на употреба на наркотични дроги од член 216 став 1 од КЗ, кога обвинетиот стрил и кривично дело – Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори од член 215 став 2 од КЗ в.в. Со член 45 став 1 и 2 од КЗ или се работи за реален стак на две кривични дела.

Апелациониот суд Скопје го прифаќа мислењето на Апелациониот суд Битола дека не може да стане збор за продолжено кривично дело туку за реален стак на две кривични дела од член 216 став 1 и член 215 став 2 од КЗ.

Второ прашање- Дали овластените лица на ЕВН Македонија АД Скопје се службени лица во смисла на член 382 став 1 од КЗ, кај кривичното дело- Спречување службени лица во вршење на службено дејствие.

Мислењето на повеќето судии од Апелациониот суд Скопје е дека овластените лица на ЕВН Македонија АД Скопје не можат да бидат службени лица во смисла на член 382 став 1 од КЗ, ниту можат да се подведат под одредбата од член 122 став 4 точка г од КЗ. Во размислувањето во врска со ова прашање судиите го посочија следното: во смисла на КЗ службеното лице е лице кое во државните органи врши службени дејствија, избрано или именувано лице и лице кое врши одредени службени должности врз основа на

овластувања дадени со закон или прописи донесени врз основа на закон. Својството на службено лице е од особена важност кај кривичните дела кај кои само такво лице може да биде сторител. Со оглед на посебните обележија кај поодделни инкриминации, субјекти ќе можат да бидат само стеснет круг на службени лица.

На 28.3.2013 година одржана – Тркалезна маса на кривичните оддели од сите апелациони судови за воедначување на казнената политика со разгледување на следните правни прашања.

1. Дали може надлежниот државен орган да поведе постапка пред надлежен суд за изрекување посебна прекршочна мерка – одземање на предмети, по спроведена постапка за порамнување меѓу надлежниот орган и сторителот при која постапка е постигната согласност и сторителот во определениот рок ја плати глобата намалена за една половина. Од страна на судиите беше разгледано прашањето поставено од Апелациониот суд Штип.

Апелациониот суд Гостивар даде образложение на прашањето дека во конкретниот случај постојат две мислења. Првото дека неможе да се води посебна постапка пред судот за одземање на предметите и второто мислење дека судот може да води постапка за изрекување посебна мерка одземање предмети, чие одземање е задолжително по сила на закон.

По однос на ова прашање Апелационите судови од Скопје, Битола и Штип се согласни дека треба да се прифати второто мислење, односно дека може да се поведе постапка за изрекување посебна мерка – одземање предмети. Имено, доколку е поведена постапка за одземање предмети судот мора да одлучува по него од причина што порамнувањето е надвор од судска постапка, дека порамнувањето се врши само за глобата, а не и за одземените предмети и дека истите не се одземаат при порамнувањето.

ЗАКЛУЧОК -На сите апелациони судови е дека треба да се прифати второто мислење, односно може да се поведе постапка за посебна мерка – одземање предмети.

2. Дали постои продолжено кривично дело – Овозможување на употреба наркотични дроги по член 216 став 1 од КЗ, кога обвинетиот сторил и кривично дело- Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори од чл.215 став 2 од КЗ в.в. Со член 45 став 1 и 2 од КЗ, или се работи за реален стак на двете кривични дела.

Апелацицониот суд Битола даде обраложение на прашањето дека во конкретниот случај не може да стане збор за продолжено кривично дело туку за реален стак на две кривични дела од член 216 став 1 и од член 215 став 2 од КЗ.

ЗАКЛУЧОК – На сите Апелациони судови е дека во овој случај се работи за реален стак на кривично дело – Овозможување на употреба наркотични дроги од член 216 сдтав 1 од КЗ и кривично дело – Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори од член 215 став 2 од КЗ.

3. Дали овластените лица на ЕВН Македонија АД Скопје се службени лица во смисла на член 382 став 1 од КЗ кај кривично дело – Спречување службени лица во вршење на службено дејствие.

4. Дали оштетениот како тужител кога јавниот обвинител ќе се откаже од кривично гонење отфрлувајќи ја кривичната пријава за кривично дело – Загрозување на безбедноста на сообраќајот по член 297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ може да го продолжи кривичното гонење за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот по член 300 став 3 в.в. со кривичното дело – Загрозување на безбедноста на сообраќајот по член 297 став 3 в.в. став 1 од КЗ.

Апелациониот суд Битола даде образложение на ова прашање при што наведе дека супсидијарниот тужител може да поведе постапка како за потешко, така и за полесно кривично дело од она за кое јавниот обвинител се откажал од кривичното гонење. Наведеното може да се направи само под услов кога се работи за ист настан.

ЗАКЛУЧОК – На сите апелациони судови е дека оштетениот може да го продолжи кривичното гонење за друго кривично дело од она за коешто јавниот обвинител се откажал од кривичното гонење.

5. Дали по истекувањето на мерката притвор од една, односно две години по подигање на обвинението член 207 од ЗКП, на обвинетиот може да му се изрече друга превентивна мерка согласно член 189 од ЗКП.

По однос на ова прашање Апелационите судови Гостивар, Битола и Штип се едногласни во своите ставови дека нема законски пречки за изрекување на друга превентивна мерка согласно член 189 од ЗКП, бидејќи цел на превентивните мерки е да се обезбеди присуство на обвинетиот во кривичната постапка и дека замената на притворот со друга превентивна мерка не е е спротивно на одредбите од ЗКП. Мерките за обезбедување можат да се изречат и ќе траат се до правосилноста на пресудата, без оглед на тоа што имало определено мерка притвор. Став на апелационите судови е дека судот секогаш при определување на мерка за обезбедување присуство на обвинет треба да внимава да почне со поблаг вид на мерка за обезбедување, а дури потоа ако биде нужно да се определи мерката притвор како најстрога превентивна мерка за обезбедување присуство на обвинет.

ЗАКЛУЧОК – На сите апелациони судови е дека судот може на обвинетиот да му изрече друга превентивна мерка согласно член 189 од ЗКП, по истекувањето на мерката притвор од една, односно две години по подигање на обвинението член 207 од ЗКП.

6. Кога во lex specialis е предвиден рок за застареност на поведување и водење прекршочна постапка пократок од оној што е предвиден во член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците („Сл.весник на РМ“ бр.51/2011) кој рок ќе се применува.

Апелациониот суд Скопје го образложи поставеното прашње и е на мислење дека во конкретниот случај би требало да се примени рокот што е пократок и што е поповолен за обвинетиот.

ЗАКЛУЧОК – На сите апелациони судови е дека рокот на застареност предвиден во посебниот закон ќе се применува пред рокот на застареност определен во Законот за прекршоци на кое нешто упатува и член 2 став 2 од ЗКП, односно дека секогаш судот ќе одлучи на начин поповолен за обвинетиот.

7. Дали времето поминато во притвор и куќен притвор, а кое е засметано во изречената казна затвор на осуденото лице не се смета како време поминато на издржување на казната и не може да се пушти на условен отпуст по член 36 од КЗ.

Апелациониот суд Штип изнесе мислење дека осуденото лице може да се пушти на условен отпуст, со оглед на фактот дека притворот влегува во казната. Условниот отпуст не зависи само од изречената казна туку и од однесувањето на осуденото лице за време на неговиот престој во установата.

ЗАКЛУЧОК – На сите апелациони судови е дека времето поминато во притвор или куќен притвор, а кое е засметано во изречената казна затвор треба да се смета во роковоте предвидени во член 36 од КЗ, но при оценката за давање на условен отпуст особено треба да се цени однесувањето, односно поведението на осуденото лице за време на издржувањето на казната, извршувањето на работните обврски како и други околности кои што укажуваат на тоа дека целта на казнувањето е постигната.

8. Дали стручните соработници кои учествуваат во подготовка на судски одлуки треба да учествуваат при советувањето и гласањето, како записничари на советот заедно со записничарот.

ЗАКЛУЧОК – На сите апелациони судови е дека при советување и гласање како и на јавни седници, покрај претседателот на советот и членовите на советот учествува и стручниот соработник кој ја има улогата на записничар и тој мора да присуствува на советувањето и гласањето, а кое произлегува од член 112 од ЗКП. Стручните соработници ги потпишуваат и записниците и одлуките, а дактилографите само технички ги изготвуваат одлуките и истите не присуствуваат при советовање и гласање.

9. Дали одлуката на Центар за социлна работа за остварување на непосреден контакт на еден од родителите со детето може да биде објект на заштита на вториот облик (или спречува тоа да биде кај лице кое има право на тоа) на кривичното дело – Одземање малолетник од член 198 став 1 од КЗ.

ЗАКЛУЧОК – На апелационите судови е дека непочитувањето на одлуката на Центарот за социјална работа за остварување на контакт на детето со родителот се смета за спречување тоа да биде кај лице кое има право на тоа, и тоа непочитување ги содржи законските елементи на кривичното дело – Одземање малолетник од член 198 став 1 од КЗ. Самото дете треба да биде воспитувано во духот на тоа дека има двајца родители и треба да му биде овозможено контакт со двајцата родители, а со цел правилен развој на детето.

10. Дали може да се примени член 31 од Законот за прекршоци – ублажување на глоба кај прекршоците кај кои е пропишана фиксна глоба.

Апелациониот суд Скопје по однос на ова прашање смета дека поради обемноста на предметите од прекршочна материја на подрачјето на Апелациониот суд Скопје, кај прекршоците кај кои е пропишана фиксна глоба треба да се примени институтот – ублажување на казна, односно дека треба и фиксните глоби да се ублажуваат до 1/3 од максимум пропишаната глоба, но дека нормите треба да се почитуваат такви какви се дадени во законот, а законот предвидел дека кај прекршоците кај кои е пропишана фиксна глоба, истата не може да се ублажи.

ЗАКЛУЧОК – На сите апелациони судови е дека судовите трба да постапуваат според закон, а според Законот за прекршоци не може да се примени институт – ублажување на глоба кога е пропишана фиксна глоба.

11. Во платните налози кои ги издаваат овластените службени лица на сторителите на пркршоците, дали треба да го внесат износот од половина на пропишаната глоба кој износ треба да го плати сторителот на прекршокот или да се внесе фиксниот износ на глобата за пропишаниот прекршок, а да се плати половина или, пак, да се внесе минимумот од пропишаната глоба онаму каде не е фиксно определена, а да се плати половина од минимално пропишаната глоба.

ЗАКЛУЧОК – На сите апелациони судови е дека во конкретниот случај во платниот налог треба да стои фиксниот или максимално запретениот износ на глоба, а од тие износи да се плати половина од глобата. Платниот налог за определен прекршок ги содржи податоците за сторителот кој што треба да ја плати глобата, односно неговите лични податоци име, презиме, место и адреса на живеење, единствениот матичен број , место и време на извршување на пркршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата која што треба да ја плати, бројот на сметка на која треба да се плати. Во член 49 став 2 од Законот за прекршоци е наведено времето во кое треба да се плати изречената глоба.

12. Дали по поднесено барање за поведување прекршочна постапка против непознат сторител од шумската полиција, судот може да изрече посебна прекршочна мерка „одземање огревно дрво“ врз основа на член 104 став 3 од Законот за шумите в.в. со член 100-а став 4 од КЗ и в.в со член 41 став 3 од Законот за прекршоци.

ЗАКЛУЧОК – На сите апелациони судови е дека не може да се поведе посебна прекршочна мерка кога се работи за барање за поведување постапка против непознат сторител.

## ПРЕКРШОЧЕН ОДДЕЛ

Во текот на работната 2013 година Одделот за прекршоци при Апелациониот суд Скопје, одржа повеќе седници на ниво на Оддел и заедно со Кривичниот оддел, со цел воедначување на судската практика на кои предмет на расправа претставуваат прашањата во врска со примената на определени одредби од материјалното и процесното прекршочно право.

На 4.2.2013 година се одржа состанок на судиите од Прекршочниот оддел со дневен ред: разгледување на состојбите во врска со прекршочните предмети кои се дојдени по жалба во Апелациониот суд Скопје, а во кои предмети во изреката не е ставена материјална одредба; разгледување на состојбата во прекршочните предмети каде се сторени прекршоци по Законот за безбедност на сообраќајот на патништата и по другите закони.

На дневен ред беше и прашањето за спроведување на постапката за порамнување во прекршоците каде што во lex specialis не е предвидена постапка за порамнување.

Со заклучоците донесени на состанокот со допис беа запознати сите судови од подрачјето на Апелациониот суд Скопје преку известувањето доставено до нивните

претседатели, а се со цел правилно и закониток работење од страна на судиите и соодветна и единствена примена на одредбите од Законот за прешршоците и другите закони.

На 17.12.2013 година, Прекршочниот оддел одржа седница на која беа разгледани материјалите доставени од Основниот суд Кавадарци заведени под Су.бр.1163/13 и со заземеното мислење на таа седница беа известени судовите од подрачјето на Апелациониот суд Скопје преку нивните претседатели. Прашањата се однесуваа на примената на член 17 од Законот за прекршоците – Условното одлагање на плаќањето на глобата.

На 28.3.2013 година во Академијата за судии и јавни обвинители беше одржана тркалезна маса на кривичните оддели од сите апелациони судови за воедначување на казнената политика.

Во подготовките за оваа средба беа разгледани прашањата достеавени од Апелациониот суд Битола, Апелациониот суд Штип и Апелациониот суд Гостивар, а на седницата на Кривичниот оддел заедно со Прекршочниот оддел се изврши усогласување на ставовите по правните прашања истакнати од нивна страна како и за поставените прашања од Апелациониот суд Скопје со донесување на Заклучоци.

Од страна на Прекршочниот оддел на судот, беше поставено како спорно прашање – кој рок ќе се применува кога во lex specialis е предвиден рок на застареност на поведување и водење на прекршочната постапка пократок од оној што е превдиден во член 2 од ЗИД, на ЗП „Сл.весник на РМ“ бр.51/2011.

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во текот на работната 2013 година, Граѓанскиот оддел на Судот одржал повеќе седници на кои се разгледани низа правни прашања кои претставуваа заеднички интерес во функционирањето на отсеците во рамките на овој оддел. На седниците беа разгледувани прашања во врска со примена на одредени одредби од материјалното и процесното право, разгледување спорни прашања и завземање мислења, ставови и заклучоци на ниво на четирите апелациони судови заради воедначување на судската пракса така што:

На 15.2.2013 година одржана е седница на одделот со дневен ред:

1. Разгледување и заземање единствен став по однос на правните прашања доставени од Основен суд Скопје 2 Скопје заведени под 03.СУ.бр.213/13 од 25.1.2013 година;
2. Разно.

Првото правно прашање за кое е забележана различна судска пракса, односно различни одлуки на првостепениот и на советите на Апелациониот суд Скопје, а истото се однесува на одлуките во предметите каде основ е долг, најчесто од кредит и тоа во делот на камата. Имено, по мислењето на дел од судиите од првостепениот суд кога главниот долг не е исплатен не треба да се досудува затезна камата, односно законска казнена камата на неисплатената договорна или процесна камата која произлегува од главниот

долг какок главно парично побарување т.е. досудувањето на камата на камата е во спротивност и со член 268 став 1 од ЗОО, односно од ниту една законска одредба не произлегува дека на затезната камата е дозволено течење на камата. Поради тоа, дел од судиите од првостепениот суд затезната камата ја досудуваат во апсолутен износ, а ако банката веќе ја пресметала затезната камата, од денот на паѓање во задоцнување до денот на поднесување на тужбата или до денот на правењето на пресметката, тој пресметан износ на затезна камата му следи на тужителот. Претседателот на граѓанскиот оддел, судија Лидија Димчевска истакна дека од страна на првостепените судии е посочено дека праксата на Апелациониот суд Скопје по однос на ова прашање е различна и дека најчесто се досудува камата со примена на член 313 од ЗОО и дека по мислењето на повеќе судии треба да се почитува забраната за пресметување на камата на камата, таканаречен анатоцизам, бидејќи во вакви услови кога главниот долг не е платен само би се зголемувала вредноста на главниот долг и на така зголемената вредност повторно би се засметувала камата што не е правно допуштена.

Судиите се со различни и подделени мислења по ова прашање така што се одлучи истото да се постави за разгледување и заземање заеднички став на претстојната средба на четирите апелациони судови на РМ што ќе се одржи во Скопје на 12.4.2013 година.

Второто правно прашање се однесува на донесување на пресуда поради неподнесување на одговор на тужба. Имено, кога тужениот нема да поднесе одговоре на тужба, дел од судиите во целост го усвојуваат тужбеното барање при донесување на пресуда поради неподнесување на одговор на тужба, а дел од судиите делумно го усвојуваат со тоа што не досудуваат камата на износотот на пресметана затезна камата, сметајќи дека со ова не се повредува одредбата од член 319 од ЗПП, затоа што се работи за примена на материјалното право на кое судот внимава по службена должност, и по однос на ова прашање не се утврдуваат никакви факти.

По однос на ова прашање судиите од одделот донесоа заклучок дека со пресуда поради неподнесување на одговор на тужба не може делумно да се усвои тужбеното барање, односно во смисла на член 319 од ЗПП, ако тужениот не поднесе одговор на тужба во определениот рок, судот ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање во целост, секако ако бидат исполнети условите предвидени во наведената законска одредба.

Третото правно прашање се однесува на тоа дали во предметите по основ нарушено владение, одлучувајќи по жалба апелациониот суд може по неколку пати да ги укинува решенијата повикувајќи се на член 351 став 3 од ЗПП, со образложение дека ова правило се однесува само за пресуди, а не и за решенија. Првостепените судии, по однос на ова правно прашање се на мислење дека во конкретниот случај треба да се цени тоа што во овие постапки предвидена законска фомра за одлучување е решението, но дека со решението мериторно се одлучува спорниот однос и не станува збор за процесно решение.

Судиите од одделот по однос на ова правно прашање донесоа заклучок дека во предметите по основ нарушено владение каде законска форма за одлучување е решение, а не пресуда, апелациониот суд по жалба може по неколку пати да ги укинува ваквите решенија, а согласно одредбата од член 371 од ЗПП.

На 5.4.2013 година оджана седница на Граѓанскиот оддел со дневен ред:

1. Разгледување на спорни прашања доставени од страна на апелационите судови;
2. Разгледување на одлуки донесени по повод изјавена ревизија од страна на Врховниот суд на Република Македонија;
3. Известување за состојбата на нерешени предмети во Граѓанскиот оддел и предлог мерки за нивно решавање, и
4. Разно.

Разгледување на спорни прашања доставени од страна на апелационите судови, при што се изнесе првото правно прашање подготвено од Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Битола – Дали трошоците досудени од страна на првостепениот суд при одлучување по приговор против неправилности во постапката за извршување и трошоците досудени од второстепениот суд по повод жалба против решението на првостепениот суд, претставуваат нов извршен наслов врз основа на кој странките или учесниците во постапката можат да поднесат барање за спроведување на извршување како по нова извршна исправа, или истите претставуваат трошоци на извршувањето во рамки на кое се поднесувани приговорите и жалбите?

Донесен е Заклучок дека по ова правно прашање, се прифаќа Заклучокот на Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Битола дека за ваквите трошоци треба да се одлучува во веќе отпочнатата постапка за извршување кај извршителот, со заклучок за утврдување на трошоците на доверителот, а не со издавање на нов налог за извршување врз основа на одлуките на првостепениот и второстепениот суд како извршна исправа, а доколку ваквите трошоци се досудени во корист на должникот истите повторно со заклучок за утврдување на трошоци ќе се пребијат со оние кои му следуваат на доверителот, без да се издава посебен налог за извршување.

Второто правно прашање се однесува на начинот на пресметка на потрошена електрична енергија во случај кога е извршена некаква манипулација на мерни уреди и слично, за што постои различно становиште на Апелационите судови во Штип и Битола.

Донесен е Заклучок дека во случај на неовластено користење на електрична енергија висината на надоместокот што корисникот е должен да ја плаќа треба да се утврди со вештачење со кое ќе се одреди реалната штета, односно стварната потрошувачка на електрична енергија, имајќи ги предвид Мрежните правила и Правилата за снабдување со електрична енергија, како што смета и Апелациониот суд Штип, дека во вакви случаи за пресметување на висината на материјалната штета причинета со користење на електрична енергија преку пломбирано или непријавено броило, треба да се применате одредбите од Законот за облигационите односи, а не пресметката да се изготвува врз основа на Мрежните правила и Условите за снабдување на електрична енергија донесени од страна на Регулаторната комисија.

Третото правно прашање е поставено од Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Битола- Дали постои одговорност на РМ (или на нотарот) за надомест на штета во висина на трошоците во постапката за укинување на неосновано ставената потврда за правосилност и извршност и извршните трошоци што им биле предизвикани на странките?

По ова правно прашање со оглед на постоење на различни ситуации неможе да се донесе единствен заклучок, дека ова прашање ќе се решава во рамките на самата постапка,

односно дека по укинување на калузулата за правосилност и извршност постапката се враќа назад, па според успехот на странките во спорот ќе се решава и за парничните трошоци.

По однос на поставеното правно прашање од Апелациониот суд Гостивар за преиспитување на заземениот став по прашањето – Дали во случај кога налогот за извршување е донесен врз основа на член 202 од ЗИ, кога налозите за извршување ги задолжуваат трезорските сметки, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорските сметки, претседателот на судот постапувајќи по барање за определување на минимални средства за вршење на дејност на должник општина, има право да ја примени одредбата од член 211 од ЗИ, која се однесува на извршување врз подвижни предмети и права спрема РМ и нејзините органи и единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и да определи лимит за извршување врз парични средства на сметка на должникот на трезорските сметки, судиите од Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Скопје беа едногласни дека остануваат на веќе заземениот став по ова правно прашање на Работната средба на четирите апелациони судови на РМ од 5.11.2012 година.

Правно прашање од Апелационот суд Штип кое се однесува на многубројните судски постапки за стекнување без основ каде како тужен се јавува ЕВН Македонија, а се разликуваат по донесените одлуки во делот на трошоците по постапката, каде во едни случаи тужениот е задолжен со трошоци во многу поголем износ и од самото тужбено барање, а во други случаи е одлучно секоја странка да ги сноси своите трошоци по постапката. Присутните судии се едногеласни дека во вакви случаи еденистվен став не може да се заземе, а ќе се одлучува од случај до случај.

2. По однос на втората точка од денвниот ред – Разгледување на одлуки донесени по повод изјавена ревизија од страна на Врховниот суд на РМ присутните судии постигнаа договор секој од судиите од одделот се менуваат на период од 6- месеци и се јавува како судија известител по однос на најинтересните одлуки донесени по ревизија кои ќе бидат изложени на состаноците на Граѓанскиот оддел. Прв судија кој ќе ги разгледува и изложува ревизиските одлуки прифати да е судијата Славица Попчевска.

На 10.9.2013 година седница на Граѓанскиот оддел со дневен ред:

1. Предлагање и утврдување спорни правни прашања кои ќе бидат разгледувани на претстојната Работна средба на четирите апелациони судови.

Предложени и утврдени правни прашања.

1. Дали во случај на потпишување на Европски извештај за сообраќајна незгода од учесниците на незгодата, на оштетениот кој се јавува во положба на тужител му следи надомест на материјална штета само до договорениот лимит, или доколку штетата е повисока му следи надомест на вистински причинетата материјална штете и дали на тужителот кој е учесник во сообраќајната незгода му следи надомест и на нематеријална штета за претрпени телесни повреди?

- Првостепениот суд во конкретниот спор го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот за надомест на претрпена материјална штета на патничко моторно возило сопственост на тужителот, утврдувајќи дека помеѓу осигурителните компании била договорена, односно утвредена горна граница на мала материјална штета која е дозволена со Европскиот извештај, а тоа е сумата од

750 евра во денарска противредност, па како тужениот ја надоместил штетата само во договорениот дел во износ од 46.000,00 денари, утврдил дека разликата од останатиот дел од причинетата материјална штета тужениот нема обврска да ја надомести.

- Првостепениот суд делумно го усвоил тужбеното барање на тужителот кој веднаш по случувањето на сообраќајната незгода и потпишувањето на Европскиот извештај за сообраќајна незгода е упатил во здравствена установа поради здобиени повреди на главата, вратот и левата страна на градниот кош и го задолжил тужениот кој е осигурителна компанија да му плати надомест на нематеријална штета за претрпени физички болки, страв и претрпен душевен бол поради намалена општа животна активност.

Како спорно прашање се јави – Дали тужениот кој е осигурителна компанија одговара за материјалната штета причинета на возилото сопственост на тужителот настаната во сообраќајна незгода при состојба кога учесниците потпишале Европски извештај за сообраќајна незгода и тоа за разликата над утврдената горна граница на мала материјална штета, или доколку штетата е повисока му следи надомест на вистински причинетата материјална штета како и дали на тужителот кој е учесник во сообраќајната незгода му следи надомест и на нематеријална штета за претрпени телесни повреди.

Во членот 225 став 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е предвидено дека возачите- учесниците во сообраќајна незгода во која е предизвикана мала материјална штета се должни веднаш да ги отстранат возилата од коловозот да овозможат непречено одвивање на сообраќајот и да го пополнат Европскиот извештај за сообраќајна незгода, а во став 2 од истиот член е предвидено дека Европскиот извештај за сообраќајна незгода од ставот 1 на овој член возачите-учесниците во сообраќајната незгода го пополнуваат и потпишуваат кога се согласни за начинот на кој се случила сообраќајната незгода. Во став 3 од истиот член е предвидено дека Европскиот извештај за сообраќајна незгода не се пополнува и потпишува во случај на сообраќајна незгода во која има повредени или загинати лица.

Во член 2 став 1 точка 95 од истиот Закон предвидено е дека „ мала материјална штета во сообраќајна незгода“ е штета настаната на објекти и возила на кои не им се оштетени виталните делови за управување и запирање, а возилата можат самостојно да се движат по патот.

Во член 2 став 1 точка 96 од истиот Закон, е уредено дека Европскиот извештај за сообраќајна незгода е образец изготвен од Националното биро за осигурување на Република Македонија, кој се пополнува во случај на сообраќајна незгода со мала материјална штета, а го пополнуваат учесниците во сообраќајната незгода.

По однос на ова правно прашање во врска со првиот дел за надомест на претрпена материјална штета во случај на потпишување на Европснки извештај за сообраќајна незгода од учесниците во незгодата, мнозинството судии сметаат дека на оштетениот кој е учесник во незгодата и кој се јавува како тужител во постапката му следи надомест на материјална штета само до висина на договорениот лимит, а нема основ за надомест на нематеријална штета за претрпени телесни повреди.

2. Кога е воспоставена стварна службеност на товар на тужителот дали на истиот му следи само еднократен надомест во висина на намалената вредност на недвижноста,

според Закон за експропријација, или има право да бара надомест на материјална штета-испуштена корист поради неможност да го користи земјиштето на кое е воспоставена службеноста?

Поставеното правно прашање е од причина што во праксата се наметнува какко спорно дали тужителот има право на надомест на материјална штета поради неможност за обработка на дел од нива и тоа изгубена заработувачка за повеќе години за производство на градинарски култури, поради воспоставена комунално-техничка службеност и тоа четири бетонски бандери на парцелата на тужителот како послужно добро. Постапка за експропријација за недвижноста не е поведена, а воспоставената службеност не е забележана во имотниот лист.

На седницата од страна на судиите беа разгледани Законот за сопственост и други стварни права, поконкретно член 203 од истиот, како и Законот за експропријација, односно член 33 став 1 кој соодветствува со сега важечкиот член 45 од истиот и по однос на ова правно прашање едногласно се заклучи дека на тужителот му следува еднократен надомест во смисла на чл.45 од важечкиот Закон за експропријација (соодветен со член 33 став 1 од Законот за експропријација „Сл.весник на РМ“ бр.33/95, 20/98, 40/99, 31/03, 46/05, 10/08, 106/08, 156/10 и 6/12), кој еднократен надомест ја опваќа како намалената пазарна вредност на посолужната ствар, така и штетата што е настаната со востановување на правото на службеност.

На 2.12.2013 година , седница на Граѓанскиот оддел со дневен ред.

1. Разгледување правни прашања доставени од Апелационен суд Битола, за претстојната средба на четирите апелациони судови на РМ што ќе се одржи на 6.12.2013 година во Академијата за судии и јавни обвинтели.

- Разгледување на првото правно прашање доставено од Апелациониот суд Битола за претстојната средба на четирите апелациони судови на РМ- Дали постои смеќавање на владение со прекинување на електричниот довод од страна на дистрибутерот на електрична енергија во случај на неовластено користење на електрична енергија?

Помеѓу присутните судии не беше постигната согласност за заземање на единствен став по наведеното правно прашање, односно се јавија поделени мислења, при што Трговскиот оддел изричито смета дека во конкретниот случај не постои смеќавање на владение, додека пак, Граѓанскиот оддел смета дека станува збор за фактичко прашање што зависи од случај до случај, дека неможе да постои неовластено користење на електрична енергија додека во законита постапка не се докаже истото, односно дека институтот нарушено владение може да биде основ за заштита на права на сопствениците на објектите во кои се испорачува електрична енергија.

Второ правно прашање на Апелациониот суд Битола- Дали може да се бара надомест на штета заради спроведување на штрајк ако претходно со судска одлука не е забрането организирање и спроведување на штрајк или во постапката за штета, како претходно прашање се утврдува дали штрајкот бил спроведен спротивно на закон.

Присутните судии од Одделот за работни спорови, едногласно се согласија дека по ова правно прашање го прифаќаат правното мислење на Апелациониот суд Битола дека во ваква ситуација на работодавачот му следува надомест на штета доколку со судска одлука е забранет штрајкот бидејќи бил оранизигран и спроведен спротивно на законските

одредби. Неможе во постапката по тужба за надомест на штета како претходно прашање да се утврдува дали штрајкот бил организиран и спроведен спротивно на закон.

Под точка разно на состанокот искажано е дека има различни одлуки од страна на првостепените судови во поглед на донесување на одлуки за трошоци во постапката во споровите за стекнување без основ против тужен ЕВН, во смисла дали да се прифаќаат сите трошоци предјавени од тужителот во случај кога има признание на тужбено барање во одговор на тужба, или да се прифати мислењето да во вакви случаи кога се работи за спор за стекнување без основ со вредност од 6 денари, а во услови кога тужителот претходно не се обратил до тужениот вонсудски да му биде исплатен овој износ да се смета дека не дал повод за тужба и да се донесе одлука секоја странка да ги поднесе своите трошоци.

Судиите на Граѓанскиот оддел со мнозинство гласови заклучија дека во вакви случаи треба да се прифатат причините наведени во првостепените одлуки со кои е одлучено секоја странка да ги сноси своите трошоци.

## ТРГОВСКИ ОДДЕЛ

На 2.2.2013 година одржан состанок на судиите на одделот со дневен ред – Разгледување на правни прашања доставени од Основен суд Скопје 2 Скопје.

- По однос на спорното прашање дали следува затезна камата на главен долг кој не е исплатен и кој произлегува од договорните за кредит, а во ситуација кога банките најчесто побаруваат вкупен износ на долг во кој се содржани главницата, пресметаната договорна камата и пресметана законска затезна камата и на така вкупниот долг бараат камата од денот кога е извршена пресметката до исплата, се зазема следниот единствен став:

Со поднесување на тужба за исплата на определен главен долг не може да се пресметува затезна камата до денот на поднесување на тужбата во судот и каматата да се додаде на главниот долг, па натаму на целиот износ да се бара затезна камата, туку затезната камата ќе се бара на главниот долг, во непресметан износ од денот на стасаност на долгот за плаќање до денот додека не биде платен главниот долг.

- По однос на спорното прашање - дали може делумно да се усвои тужбеното барање на тужителот во делот на споредното барање – камата, во случај кога се работи за донесување на пресуда поради неподнесување на одговор на тужба во смисла на член 319 од ЗПП, се зазема следниот единствен став:

Судот не може со пресуда поради неподнесување на одговор на тужба делумно да го усвои тужбеното барање на тужителот по однос на каматата и покрај тоа што се работи за примена на материјалното право на кое судот внимава по службена должност. Во случај кога се работи за донесување на пресуда поради не поднесување на одговор на тужба првостепениот суд е должен доследно да ја применува одредбата од член 319 од ЗПП и да цени дали се кумулативно исполнети сите услови за донесување на пресуда поради неподнесување на одговор на тужба, па доколку се утврди дека постојат определени спорни околности истиот е должен да закаже и одрджи подготвително рочиште.

- По однос на спорно прашање – дали Апелациониот суд Скопје при одлучување по жалби изјавени против решенија со кои е одлучено за тужбено барање за смеќавање на владение, може доколку претходно донесеното решение еднаш е укинато по нов закон, новодонесеното решение повторно да го укине или, пак, треба во смисла на одредбата од член 351 од ЗПП да закаже јавна расправа и мериторно да одлучи се зазема следниот единствен став:

За наведеното спорно прашање веќе постои Заклучок донесен на средбата на сите апелациони судови во РМ, а каде едногласно се заседе став дека во случај кога се работи за решение со кое е одбиено или усвоиено тужбеното барање на тужителот за смеќавање на владение второстепениот суд може истото по потреба да го укинува повеќе пати со оглед дека не се работи за донесена пресуда, туку за решение. Наведеното со оглед на тоа што одредбата од член 351 став 3 од ЗПП, се однесува само за постапка по жалба против пресуда, но не и против решение.

17.6.2013 година состанок на судиите на Одделот каде е разгледно правното прашање – Дали кога се работи за предлог за повторување на постапката поднесен по член 392 став 1 точка 5 од ЗПП, во случај кога објеквитниот рок од 5 години предвиден во член 394 став 3 од ЗПП е истечен со оглед дека предлогот за повторување на постапката е поднесен по протек на повеќе од 6 години , а при состојба и кога тужителот бил запознаен за водењето на кривичната постапка, со оглед дека неговиот законски застапник бил сослушан во кривичната постапка во својство на оштетена страна треба да се земе во предвид субјективниот рок од 30 дена сметано од денот кога странката дознала за постоењето на правосилната кривична постапка, односно дали објективниот рок ја исклучува примената на субјективнот рок се заседе следниот став:

Мнозинството судии во целост останаа на своите ставови, односно сметаат дека по протекот на објективнот рок од 5 години сметано од правосилноста на постапката чие повторување се бара не може да се бара повторување на постапката, освен во случај кога повторувањето се бара по член 392 став 1 точка 2 и 3 од ЗПП, како што е предвидено во член 394 став 3 од ЗПП, со оглед дека се работи за преклузивен рок, кој не може да се продолжува и по чиј протек странката ги губи сите права да поднесе определен редовен или вонреден правен лек. Сметаат дека со оглед да законскиот застапник на тужителот бил сослушан во својство на оштетено лице во кривичната постапка, произлегува дека тужителот бил запознаен со фактот дека против одговорните лица на тужениот се води кривична постапка за кривично дело – Фалсификување на исправа, помеѓу кои исправи неспорно е утврдено дека се фалсификувани, се наоѓа и исправата која била предмет на расправање пред првостепениот парничен суд, а особено со оглед дека тужителот уште во текот на првостепената парнична постапка укажал на фактот дека исправата која била предмет на расправање била фалсификувана, тужителот уште во текот на траењето на кривичната постапка требал да поднесе предлог за повторување на предметната постапка како би го запазил објективниот рок од 5 години, кој е преклузивен, па потоа можел да бара и прекин на постапката во смисла на член 201 став 1 точка 1 од ЗПП, се до правосилно завршување на кривичната постапка, како претходно прашање од чие решавање зависел и исходот на постапката по предлогот за повторување на постапката.

18.12.2013 година, состанок на судиите на Одделот каде беше разгледано спорното прашање- Дали трошоците на кривичната постапка треба да паднат на товар на буџетските средства на судот или на буџетските средства на РМ, односно што во случај кога со извршната исправа е предвидено трошоците на кривичната постапка да паднат на товар на буџетските средства на РМ, а извршителот во налогот навел дека трошоците на

кривичната постапка да се наплатат од буџетските сретства на судот, дали во тој случај да се одлучува согласно извршната исправа, или согласно измените на законот, со кој е предвидено трошоците на кривичната постапка да паднат на товар на буџетските сретства на судот.

- По однос на наведеното спорно прашање судиите едногласно се согласија да судечкиот судија во зависност од утврденото во предметот одлучи по однос на основаноста, односно неоснованоста на поднесената жалба, а во секој случај да се води сметка како гласи извршната исправа.

## ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ

Одделот за работни спорови во текот на 2013 година одржа повеќе седници, со учество на судиите од Одделот и стручните соработници кои работат на материјата од работните односи со отвореност за учество на претседателот на судот според можностите и за сите останати судии во зависност од нивните афинитети и можности за учество во расправата по спорните правни прашања.

На 25.1.2013 година одржан состанок на судиите на Одделот со дневен ред:

1. Заземање заеднички став по однос на правното прашање- Дали правото на минат труд како надомест од плата што е предвиден во член 113 од ЗРО, а истиот надомест е утврден во ОКД за стопанството на РМ и ОКД на правниот сектор од областа на стопанството (член 25) е задолжително право за сите вработени, односно обврска на сите работодавци или исклучиво само на потписниците на тој КД или учесниците кои пристапиле кон тој КД.;

2. Заземање заеднички став по однос на правното прашање -Дали може со поединечна одлука на работодавачот да се намали платата на работникот утврдена со договор за вработување или со КД, односно не по член 78 од ЗРО, туку со одлука на работодавачот исклучиво во делот за плата, како и дали предмет на спор може да биде поништување на решение за намалување на платата, односно дали таквата одлука на работодавачот директорно ги засега правата на работникот утврдени со договорот за вработување, КД и закон, согласно член 181 став 2 од ЗРО.

Во врска со првото прашање заземен е став дека работникот има право на додаток на плата за минат труд за 0,5% за секоја година работен стаж, најмногу до 20% врз основа на член 106 од ЗРО и КД.

По однос на второто прашање донесен е едногласен Заклучок дека ако работникот смета дека со писмена одлука на работодавачот е прекршено некое негово право утврдено со закон, КД и договор за вработување има право во рок од 8 дена од денот на врачувањето на одлуката со која што било прекршено правото да бара од работодавачот истите да ги отстрани, а по донесување на конечна одлука по приговорот, односно кога таа не е донесена во рок од 8 дена, работникот има право да поведе постапка пред надлежен суд. Секоја одлука на работодавачот со која е прекршено некое право на работникот е предмет на спор од работен однос и судот поединечно ќе расправа по тужбата и тужбеното барање со која е оспорена писмената одлука на работодавачот.

На 13.3.2013 година, состанок на судиите на Одделот, каде беше изнесено прашањето во врска со распоредување во Министерството за внатрешни работи, во врска со што на дневниот ред беше поставена и Одлуката на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.542/2011 од 19.12.2012 година, при што Одделот го зазеде следниот став:

Решенијата за распоредување ги содржат сите елементи согласно Законот за внатрешни работи и КД на МВР. Имено, работниот однос на вработените во Министерството за внатрешни работи е уреден со Законот за внатрешни работи и со Законот за полиција кои Закони претставуваат lex specialis во однос на Законот за работните односи, поради што се применуваат одредбите од тие закони и КД, а не одредбите од Законот за работните односи. Со оглед на тоа што Законот за работните односи предвидува уредување на работниот однос и со друг закон, во случајот со Законот за внатрешни работи, во кој се уредени условите за распоредување на работниците кај тужениот, а КД на тужениот е во согласност со тој закон, произлегува дека решенијата за распоредување на вработните во МВР се засновани врз основа на одредбите на КД на МВР.

На 4.6.2013 година, состанок на судиите на Одделот каде на дневен ред за разгледување и заземање единствен став е поставено правното прашање- Дали Одлуката за престанок на работниот однос од деловни причини е законита, доколку работодавачот не го почитувал рокот од член 95 став 1 од Законот за работни односи („Сл.весник на РМ“ бр.62/05).

Во врска со наведеното прашање заземен е став дека одлуката за престанок на работниот однос од деловни причини е незаконита во случај кога работодавачот при отказ на поголем број работници од деловни причини за намерата, а најдоцна 30 дена пред донесувањето на одлуката за престанок на работниот однос од деловни причини, за причините за престанувањето за потребата од работата на работниците не го извести репрезентативниот синдикат кај работодавачот, а ако нема таков, само претставникот на работниците и да се советува со нив за можните причини за пречување и ублажување на штетните последици. Обврската на работодавачот да го извести синдикатот или претставникот на работниците, е облигаторна, согласно член 95 од Законот за работни односи. Непочитувањето на законскиот рок од член 95 став 1 од ЗРО за известувањето на репрезентативниот синдикат од страна на работодавачот или претставникот на работниците, а во врска со намерата за престанок на работниот однос на поголем број работници, ја прави одлуката за отказот незаконита, поради незапазување на законскиот рок.

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ*

- податоци за работа на канцеларијата за односи со јавност (контакти)

До Канцеларијата за односи со јавноста на Апелациониот суд Скопје континуирано се обраќаат странки лично, писмено и преку WEB порталот на судот со разни барања, прашања, ургенции, молби, претставки, поплаки и пофалби.

Интересот на граѓаните е голем, а како најчести барања се барањата за приоритетно решавање на предмет, барање по однос на тоа дали предметот е доставен на одлучување по жалба, дали предметот е даден на работа кај судија, барања поврзани за текот на жалбената постапка по предмет, како и во одредени случаи изразување незадоволство од ненавремено доставување на предметите од страна на првостепените судови до Апелациониот суд Скопје за одлучување по жалба, времетраењето на жалбената постпака по поедини предмети и незадоволство од второстепената одлука.

- број на примени и одговорени прашања од граѓаните за канцеларијата за односи со јавност што се однесува на нивните прашања

Интересот на странките е голем со самиот факт што за месец јануари усмено со барања се обратиле 387 странки, ссо прашања преку WEB порталот 5 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 57 странки;

- за месец февруари усмено со барања се обратиле 694 странки, со прашања преку WEB порталот 15 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 69 странки;
- за месец март усмено со барања се обратиле 781 странка, со прашања преку WEB порталот 18 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 59 странки;
- за месец април усмено со барања се обратиле 758 странки, со прашања преку WEB порталот 15 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 67 странки;
- за месец мај усмено со барања се обратиле 618 странки, со прашања преку WEB порталот 1 странка и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 63 странки;
- за месец јуни усмено со барања се обратиле 449 странки, со прашања преку WEB порталот 6 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 67 странки;
- за месец јули-август усмено со барања се обратиле 175 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 69 странки;
- за месец септември усмено со барања се обратиле 118 странки, со прашања преку WEB порталот 3 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 86 странки;
- за месец октомври усмено со барања се обратиле 98 странки, со прашања преку WEB порталот 9 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 74 странки;
- за месец ноември усмено со барања се обратиле 83 странки, со прашања преку WEB порталот 11 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 89 странки;

- за месец декември усмено со барања се обратиле 108 странки, со прашања преку WEB порталот 11 странки и писмено со разни ургенции, претставки и поплаки 72 странки;

Од страна на Канцеларијата за односи со јавност на сите странки им е излезено во пресрет и навремено одговорено на поставените барања, прашања, претставки, а воедно и на одредени странки им е извршена едукација за начинот и работата на судовите.

- број на објавени одлуки на интернет на WEB страната на судот, фактори кои влијаат на објавите на интернет

На интернет страната на Судот во текот на извештајната 2013 година се објавени 880 одлуки.

Во врска со објавувањето на судските одлуки на web страната на Судот сакаме да истакнеме дека во услови на голем број на непополнети работни места согласно судската систематизација, повеќе од 16 500 донесени одлуки во текот на извештајната година, недореченост на упатството за анонимизација на судските одлуки, мануелно подготвување на текстовите на одлуките за објавување, спориот процес на објавување на одлуките, проследен со голем број на технички проблеми во функционирањето, тешкото водење на потребните евиденции и недоволниот број на критериуми за пребарување на веќе објавените одлуки не сме во можност да ги запазиме законски пропишаните услови и рокови за објавување на одлуките.

- објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани, едукации на населението организирани од судот

Канцеларијата за односи со јавност на WEB порталот постира и разни соопштенија, помеѓу кои за 2013 година – Соопштение за контакт лице одговорно за Е-доставата, - Соопштение за условите за користење на системот за електронска достава врз основа на кои и е извршена регистрација нна еден правен субјект. Воедно редовно на WEB порталот се даваат соопштенија за насрочени предмети, како и други соопштенија од тековното работење на Судот.

- комуникација со другите судови на исто ниво, како и со пониските судови, средби, разговори и дискусии, кои теми и кои спорни прашања се обработени

Канцеларијата за односи со јавност одржува континуирана соработка со останатите судови со размена на искуства поврзани за тековното работење.

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ*

Во текот на извештајната година продолжи процесот на интензивно користење на информатичка технологија во функционирањето на сите сегменти на работата во Судот.

Во текот на 2013 година, поточно во месец мај, вложија со плод континуираните напори за замена на дотраената и доопремување на Судот со нова компјутерска опрема. Од страна на Претседателството на турската агенција за соработка и координација (ТИКА) беа донирани комјутери и технички средства, со што беа заменети 40 % од персоналните комјутери кои беа целосно застарени и аморитзирани и се обнови дел од системот за печатење во Судот.

Најголем дел од добиените компјутери, печатари и други технички средства се инсталирани кај судските референти – дактилографи и вработените во стручната судска служба, што значително го олесни и забрза секојдневното работење, ја зголеми ефикасноста на Судот, а бројот на дефекти и трошоци за отстранување на истите значително се намали.

За функционирањето на Судот во извештајната година е карактеристична употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС) со кој се овозможува електронско водење на уписниците и електронска евиденција на податоци и изготвување на акти во предметите. АКМИС се користи целосно во сите сегменти од работењето, а квалитетот на внесените податоци, како и тоа дали истите се пополнуваат целосно и точно се следи континуирано.

Сите потребни месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи, врз основа на кои се следи работата на Судот и вработените во него, се генерираат електронски од АКМИС и редовно до надлежните институции. Пристапот до потребните информации е значително подобрен, а комуникацијата помеѓу вработените од Судот и вработените во институциите со кои Судот соработува е поедноставена.

Судот располага со една судница опремена за тонско снимање на рочиштата согласно Законот за парнична постапка. Во текот на 2013 година, судиите од граѓанскиот, трговскиот и одделот за работни спорови започнаа со снимање на расправите согласно Упатството за тонско снимање и законските одредби.

Во текот на 2013 година започната е реализација на "Системот за електронска достава на судски документи", при што досега е одобрена регистрација на корисник на системот. Апелациониот суд Сопје, како второстепен суд со мал обем на достава на судски документи до странки или нивните правни застапници, се уште нема реализирано електронска достава на судски документи и покрај тоа што се направени сите потребни подготовки како од технички апспект, така и од аспект на информираност на вработените.

По однос на проблемите врзани со објавувањето на судките одлуки на web страната на Судот погоре изложени во претходната точка, сметаме дека со автоматизирање на процесот на изготвување и верификација на анонимизираните текстови, следење на потребните евиденциони и статистички податоци во апликативно решение, како и со редизајн и преработка на постоечката web страна, во иднина, би можеле да постигнеме задоволителен квалитет и ажурност во објавувањето на судските одлуки.

Со воведување на информатичката технологија во сите сегменти од делувањето на Судот, употребата на АКМИС, тонското снимање на рочишта, електронската достава на судски документи во судовите во Република Македонија и обезбеденото електронско следење на легислативата и судската практика, постигнато е зголемување на ажурноста, квалитетот и ефективноста во работењето на Судот.

Оптималното користење на потенцијалот кој го нуди информатичката технологија инсталирана во судот налага потреба од континуирана едукација на целокупниот персонален состав на судот за начинот на нејзината употреба.

Во Судот се вработени двајца советници инженери-информатичари, но за да се обезбеди поквалитетна техничка поддршка во користењето на информатичката технологија, потребно е да се зголеми бројот на извршители – технички лица соодветно стручно оспособени за сите области од информатиката кои се веќе применети во Судот.

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДА НА СУДОТ*

- Анализа на состојбата - Судската зграда каде Апелациониот суд Скопје ја извршува својата дејност датира од 60-тите години на минатиот век, а ја сочинуваат три ката, приземје и подрумски простории (архива.)

Одржувањето на зградата предвидува одржување на

- електрична инсталација – вградена со изградба на зградата и неопходно е реновирање на истата поради постојаните нови оптеретувања;
- водоводна и одводна мрежа – поставена со изградба на зградата и потребно реновирање поради честите дефекти и дотраеноста
- систем за греење – поставен со изградба на зградата и потребно е итно реновирање поради чести дефекти

Превземањето на неопходните чекори за итно санирање на електричната инсталација, водоводната и одводна мрежа, системот за греење, како и дотраениот мебел и канцелариска опрема, влијае и на севкупната безбедносна состојба на вработените, странките, во крајна линија и предметите.

- Предлози за подобрување

**Инвестициона програма за 2014 година**

**Приоритетни инвестиции**

1. Клима уреди- за целосно завршување на климатизацијата во апелациониот суд Скопје потребна е набавка на 20 клима уреди – вредност 350.000,00 денари;
2. Реконструкција на санитарни чворови -- вредност 1.000.000,00 денари;
3. Промена на постоечката парно линија – честото прскање и пукање на постојните цевки за парно греење заради дотраеноста ја наметнува потребата од итна промена на истите и тоа со димензии ф6/4, ф5/4 и ф1 – вредност 700.000,00 денари;
4. Промена на прозорци од надворешната страна на зградата – вредност 3.000.000,00 денари;
5. Молерисување на канцеларии и ходници – молерофарбарски работи на објектот на Апелационен суд Скопје -- вредност 1.784.000,00 денари
6. Чистење на мермер со водено брусење и полирање – барањето се однесува на одржување на објектот, а чистењето на мермерот не е извршено 5 години station наназад -- вредност 200.000,00 денари
7. Изведба на надворешна настрешница на објектот – барањето се однесува на изработка на настрешница за заштита на влезот на Судот од разни временски непогоди – вредност 85.000,00 денари;
8. Набавка на дефибрилатор – согласно чл.96 ст.3 од Законот за здравствена заштита – вредност 100.000,00 денари

**Други инвестиции**

9. Реконструкција и опремување на две сали за судење – Со примена на измените на Законот за парничната постапка во судот како второстепен суд во жалбена постапка се закажуваат расправи и мериторно се одлучува. Предметната законска

новина задолжително наметна потреба од опремување на сала за одржување расправи, што досега не е направено. Сметаме дека во моментот потребно е да се опремат две сали за одржување расправа канцеларија бр.66 и канцеларија бр.54-а сместени на прввиот кат од судската зграда. Идден проект доставен уште со инвестиционата програма 2007 година – вредност 6.700.000,00 денари;

10. Реконструкција и опремување на граѓанска и кривична писарница – Одделенијата (граѓанско и кривично) на Апелациониот суд Скопје работат во несоодветни услови во однос на прием и комуникација со странки, како и со дотраени и нефункционални основни средства – вредност 810.000,00 денари;
11. Канцеларија за односи со јавност – Апелациониот суд Скопје потребно е да изврши прилагодување на дел од судскиот простор, односно да се изврши адаптација на постојната канцеларија -- вредност 300.000,00 денари;
12. Канцеларии за судии – Апелациониот суд Скопје согласно последната одлука на Судскиот совет на Република Македонија со утврдени судиски места во Судот потребно е да изврши адаптација и опремување на 5 канцеларии во кабинети за судии -- вредност 600.000,00 денари;
13. Канцеларија за информатичка опрема – Апелациониот суд Скопје потребно е да изврши прилагодување на дел од судскиот простор во простор за информатичка опрема (сервери, свичеви и сл.), со оглед на посебните услови за нивно функционирање -- вредност 300.000,00 денари;
14. Доопремување на кабинетите на судиите со плакари – во текот на 2003 година од Министерството за правда обезбедени се работни маси, во текот на 2007 година набавени се плакари за чување предмети и гардеробери во дел од судиските кабинети, односно само во 20 канцеларии, така што останува да се опремат уште 30 судиски канцеларии -- вредност 900.000,00 денари;
15. Систем за противпожарна заштита – судската зграда датира од 1620 година и во истата нема вградено систем на противпожарна заштита што со сегашните градежни стандарди е потребно да се вгради -- вредност 500.000,00 денари;
16. Вентилација во архивските простории – вредност 2.500.000,00 денари;
17. Дактило бироа – вредност 300.000,00 денари
18. Вариолајт завеси – вредност 300.000,00 денари и
19. Реконструкција на службени влезови – вредност 10.000.000,00 денари.

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ*

Во текот на извештајната 2013 година Апелациониот суд Скопје работеше на спроведување на набавките кои беа во рамките на предвиденото со Годишниот план за јавни набавки за 2013 година. Најголем дел од набавките во текот на годината се резултат на редовните годишни набавки кои се спроведуваат секоја годиназа потребите на судот, освен за помал дел од набавките за кои дополнително се наметна потребата истите да се набават, поради решавање на тековните потреби на судската зграда.

Во таа насока беа спроведени вкупно 8 јавни набавки, од кои дел беа предвидени во Годишниот план за јавни набавки за 2013 година, а за дел од нив кои дополнително се јавија као нужни, Годишниот план за јавни набавки за 2013 година беше изменет и дополнет. Сите од предвидените набавки во целост беа финансиски подржани од буџетските средства на судот, како и од сопствените приходи на судот.

За периодот од 01.01.2013 година до 30.06.2013 година спроведени се постапки со барање за прибирање на понуди до 5000 евра во денарска противредност и тоа:

- Постапка со барање за прибирање понуди за набавка на услуги за далечинска регулација и мониторинг на топлинска подстаница
- Постапка со барање за прибирање понуди за набавка на стоки – средства за хигиена
- Постапка со барање за прибирање понуди за набавка на стоки – моторни горива

Договорот за јавна набавка на услуги за далечинска регулација и мониторинг на топлинска подстаница 03.Су.бр.284/13 од 24.04.2013 година беше склучен со Друштвото за проектирање, инженеринг, трговија, транспорт и друго Топлификација – Инженеринг ДООЕЛ Скопје на вредност од 1 денар.

Договорот за јавна набавка на стоки – средства за хигиена 03.Су.бр.280/13 од 08.07.2013 година беше склучен со Друштвото за производство, промет и услуги Офис Плус ДООЕЛ Скопје на вредност од 84.446,00 денари

Договорот за јавна набавка на стоки – моторни горива 03.Су.бр.455/13 од 10.07.2013 година беше склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги Пуцко Петрол увоз – извоз ДОО с.Ижиште, Македонски брод на вредност од 84.446,00 денари.

За периодот од 01.01.2013 година до 30.06.2013 година спроведени се постапки со барање за прибирање на понуди до 20.000 евра во денарска противредност и тоа:

- Постапка со барање за прибирање понуди за набавка на стоки – канцелариски материјали (печатен канцелариски материјал, тонери, хартија и друг канцелариски материјал)

Договорот за јавна набавка на печатен канцелариски материјал 03.Су.бр.388/13 од 31.05.2013 година беше склучен со Друштвото за производство, промет и услуги Офис Плус ДООЕЛ Скопје на вредност од 421.260,00 денари

Договорот за јавна набавка на оригинални тонери 03.Су.бр.388/13 од 07.06.2013 година беше склучен со Друштвото за производство, промет и инженеринг МП Компјутери Скопје на вредност од 384.160,00 денари

Договорот за јавна набавка на хартија 03.Су.бр.388/13 од 31.05.2013 година беше склучен со Друштвото за економско правни и други услуги Македонија Биро – Скопје на вредност од 283.798,00 денари

Договорот за јавна набавка на друг канцелариски материјал 03.Су.бр.388/13 од 31.05.2013 година беше склучен со Друштвото за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ – МК ДООЕЛ Скопје на вредност од 38.940,00 денари.

За периодот од 01.07.2013 година до 31.12.2013 година спроведени се постапки со барање за прибирање на понуди до 5000 евра во денарска противредност и тоа:

- Постапка со барање за прибирање понуди за набавка на услуги – одржување на ПП апарати и опрема
- Постапка со барање за прибирање понуди за набавка на услуги – дезинфекција, дезинсекција и дератизација
- Постапка со барање за прибирање понуди за набавка на услуги за машинско водено брусење и полирање на мермер
- Постапка со барање за прибирање понуди за набавка на услуги за демонтажа, поправка и поставување на санитарија

Договорот за јавна набавка на услуги – одржување на ПП апарати и опрема 03.Су.бр.565/13 од 24.09.2013 година беше склучен со Друштвото за производство, промет и услуги Пастор С-9 Гоце ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на вредност од 265,00 денари

Договорот за јавна набавка на услуги- дезинфекција, дезинсекција и дератизација 03.Су.бр.564/13 од 15.07.2013 година беше склучен со Друштвото за трговија и услуги Зотокс ДООЕЛ Скопје на вредност од 35.400,00 денари

Договорот за јавна набавка на услуги за машинско водено брусење и полирање на мермер 03.Су.бр.1085/13 од 17.12.2013 година беше склучен со Градежно друштво Елта Инженеринг Јаков и други ДОО Скопје нма вредност од 92.182,00 денари

Договорот за јавна набавка на услуги за демонтажа, поправка и поставување на санитарија 03.Су.бр.1142/13 од 16.12.2013 година беше склучен со Друштво за градежништво и занатски услуги Власо – Градба Горица ДООЕЛ увоз-извоз с.Драчево, Скопје на вредност од 228.684,00 денари.

Постапката со барање за прибирање понуди за набавка на услуги за машинско водено брусење и полирање на мермер за која беше објавен оглас број 7 на страната на Бирото за јавни набавки беше поништена од страна на одговорното лице на Апелациониот суд Скопје поради тоа што не беше поднесена ниту една прифатлива или соодветна понуда.

Сите од спроведените јавни набавки во целост и навремено се реализираа, по однапред утврдена динамика од страна на одговорните лица за извршување на предметните набавки, а во согласност со тековните потреби на Судот.

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊА НА БУЏЕТ НА СУДОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА*

Во текот на 2013 година Апелациониот суд Скопје како единка корисник на средства на Судската власт располагаше со буџет од 110.747.102,00 денари и тоа на буџетската сметка на Апелациониот суд Скопје 92.163.937,00 денари, буџетската сметка на Управата на судската зграда 16.939.965,00 денари и сметката за сопствени приходи на Апелациониот суд Скопје 1.643.200,00 денари.

Распределбата на буџетските средтсва од сопствени приходи по позиции во 2013 година беше следна

| | |
|---|---|
| 401 – основни плати и надоместоци | 68.061.070,00 денари |
| 402 – придонеси и даноци од плати | 25.173.543,00 денари |
| 421 – комунални услуги | 14.038.753,00 денари |
| 423 – материјали | 1.250.000,00 денари |
| 424 – поправки и тековно одржување | 795.000,00 денари |
| 425 – договорни услуги | 958.600,00 денари |
| 426 – други тековни расходи | 113.200,00 денари |
| 464 – разни трансфери | 356.936,00 денари |

Извршувањето на буџетот во 2013 година изнесува 100%, однсоно направени се трошоци по ставки

| | |
|---|---|
| 401 – основни плати и надоместоци | 68.061.337,00 денари |
| 402 – придонеси и даноци од плати | 25.173.543,00 денари |
| 421 – комунални услуги | 14.037.967,00 денари |
| 423 – материјали | 1.249.581,00 денари |
| 424 – поправки и тековно одржување | 794.168,00 денари |
| 425 – договорни услуги | 958.160,00 денари |
| 426 – други тековни расходи | 113.017,00 денари |
| 464 – разни трансфери | 356.936,00 денари |

Нашето барање за реалните потреби на Судот предвидени и планирани со Буџетскиот циркулар за 2013 година изнесуваше за буџетските средства:

| | |
|---|---|
| 401 – основни плати и надоместоци | 73.500.000,00 денари |
| 402 – придонеси и даноци од плати | 27.200.000,00 денари |
| 421 – комунални услуги | 17.590.000,00 денари |
| 423 – материјали | 1.541.000,00 денари |
| 424 – поправки и тековно одржување | 528.500,00 денари |
| 425 – договорни услуги | 869.700,00 денари |
| 426 – други тековни расходи | 90.000,00 денари |
| 464 – разни трансфери | 480.000,00 денари |

Нашето барање за средствата од сопствени приходи со Буџетскиот циркулар за 2013 година беше испланирано согласно очекуваниот прилив и изнесуваше:

| | |
|---|---|
| 421 – комунални услуги | 1.000.000,00 денари |
| 423 - материјали | 200.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| 424 – поправки и тековно одржување | 200.000,00 денари |
| 426 – други тековни расходи | 200.000,00 денари |

Барањето на Судот на финансиски средства за 2013 година и одобрените средства се во однос 100 : 89,75.

Со оглед на недоволно обезбедените средства и покрај максималното штедење Апелациониот суд Скопје има ненамирени обврски на крајот на годината во висина од 6.788.164,00 денари. Од ненамирените обврски 89,90% се однесуваат на комунални услуги. Напоменување дека Апелациониот суд Скопје ги подмирува комуналните услуги за цела зграда – Судска палата и покрај доставување на фактури за плаќање на сразмерен износ на истите доставени до органите сместени во зградата.

Наведеното претставува една од причините за нереално остварување на цената на чинење на судски предмет.

Намирувањето на ненамирените обврски од минати години ќе падне на товар на Буџетот за 2014 година. Дел од обврските може да се намири и од остварените сопствени приходи доколку се одобри бараниот план на сметката 631.

Судот во рамките на својот Годишен план за работа подготвува и Инвестициона програма на годишно ниво (изнесена погоре во точка 6), чија реализација во целост е зависна од средствата кои по тој основ ќе ги добие од Судскиот буџетски совет.

За жал, најголемиот дел од Инвестиционата програма останува нереализирана, бидејќи не се обезбедуваат доволно финансиски средства, ниту за приоритетните инвестиции. Во текот на извештајната 2013 година не се обезбедени никакви средства за инвестиции за Апелациониот суд скопје.

Судот наидува на сериозни тешкотии во обезбедувањето финансиски средства за набавка на соодветна облека и опрема за судската полиција како важен сегмент од функционирањето на судот, од чие успешно функционирање зависи безбедноста на судскиот простор, носителите на судиската функција и останатите вработени во судот, а во крајна линија и странките.

Апелациониот суд Скопје располага со основни средства со набавна вредност од 102.403.092,00 денари и исправка на вредноста 59.614.487,00 денари и ситен инвентар во употреба со вредност од 2.485.940,00 денари.

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА БИЛТЕН НА СУДСКА ПРАКСА*

Согласно одредбите од Судскиот деловник, Одделот за судска практика и евиденција на Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2013 година функционира како сегмент од организационата структура на судот со заокружена стручна кадровска поставеност.

Квалитетот на активноста - евидентирање во извештајната година вршена е електронски, односно со компјутерско евидентирање на движењето на предметите, работата на претседателот и судиите, соработниците-судските соработници, вишите соработници-судски советници, како и движењето на предметите и работата на судиите од подрачните основни судови.

Во контекст на активноста за следење и проучување на судската практика пред се од аспект на одлуките на Врховниот суд на Република Македонија по вложените вонредни правни лекови подготвени се 11 збирки на судски одлуки од областа на граѓанското и трговското право и 5 збирки на судски одлуки од областа на кривичното и прекршочното право.

Во текот на 2013 година Одделот во соработка со Проектот Матра изготви и објави Билтен на Апелациониот суд Скопје, кој содржи поголем број одлуки за воедначување на судската пракса и кој билтен е објавен на WEB страната на Судот и достапен е на сите судии останати вработени.

**Скопје, февруари 2014 година**

**Претседател на Судот**
***Љупка Арсениевска***